се погрижат секој вработен да го почитува етичкиот кодекс на однесување во работењето, секој вработен да знае да ги препознае облиците на коруптивно однесување и да и се спротивстави на корупцијата. Системот на утврдување на одговорност *и* понатаму ќе се зајакнува со цел да се спречи секаков облик на коруптивно однесување и да се обезбеди висок степен на дисциплина на вработените во секојдневното извршување на работните задачи;

- ***вработување, селекција и унапредување*** - овие процеси ќе бидат транспарентни, објективни и ослободени од притисоци и влијанија, и тоа преку користење на алатки за идентификување на кандидатите кои поседуваат академско и професионално знаење, способности и соодветни компетенции согласно нормативот предвиден засоодветно работно место, како и препознавање на високо ниво на чесност. Оценувањето на вработените ќе биде објективен процес кој ќе им овозможи на претпоставените да ја оценат целокупната работна изведба и ангажман, да ги идентификуваат можностите за развој, да ги признаат и наградат најуспешните вработени и да придонесат за постигнување на целите на Училиштето;
- ***надлежност и одговорност на раководството*** - раководството на СОУ „Таки Даскало“ - Битола (изразено преку Директорот и помошниците директори) имаат водечка улога во спречување на корупцијата. Преку своето однесување тие се должни со вложување на своите лични и професионални капацитети да го поттикнуваат и негуваат кај сите вработени чувството на лојалност и желбата за соработка во намалување на коруптивното однесување;
- ***спречување на судир на интереси при преземање на службени дејствија*** - вработените во Училиштето ќе бидат постојано поттикнувани да внимаваат на потенцијалниот судир на интереси и да ги преземат сите мерки за негово одбегнување, а во случај на сомневање за негово постоење да ги преземат сите неопходни мерки за да го спречат влијанието на нивниот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на нивните овластувања или должности и за тоа да го известат нивниот претпоставен;
- ***зајакнување на меѓуинституционалната соработка*** **во** ***борбата против криминалот и корупцијата*** - Училиштето ќе остварува непосредна соработка со Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи и Државната комисија за спречување на корупцијата, како и со сите други надлежни државни органи и институции, особено во случаите кога основано се сомнева дека кривичните дела против службената должност се извршени од страна на вработени лица во СОУ „Таки Даскало“ - Битола. Училиштето активно ќе се залага за спроведување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за заштита на укажувачи.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Годишниот план за спречување на корупцијата во СОУ „Таки Даскало“ - Битола во 2021 година ќе се имплементира во период од една година.